**Оглас за**
**долгорочен советник за поддршка на јавните обвинителства**
**Проект финансиран од ЕУ „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“**

| | |
|---|---|
| Работодавач: | Агенција за европска интеграција и економски развој (АЕИ) |
| Локација: | Скопје, Република Северна Македонија |
| Вид: | локален долгорочен советник |
| Очекуван почеток: | април 2022 |
| Очекувано времетраење: | април 2022 – до завршувањето на проектот (јануари 2026) |

**КОНТЕКСТ**
Долгорочниот советник ќе работи во областа на обвинителството како дел од тимот за имплементација на грантот доделен од страна на Европската Унија „Поддршка на ЕУ за владеење на правото” во Република Северна Македонија. Проектот се спроведува од страна на искусно меѓународно партнерство под раководство на Агенцијата за европска интеграција и економски развој (АЕИ) и тројцата партнери – Министерството за правда и администрација на Република Хрватска, Министерството за внатрешни работи на Република Австрија и Институтот за основни и човекови права Лудвиг Болтцман.

Целта на проектот е зајакнување на владеењето на правото во Република Северна Македонија. Компонентата 1 ја спроведува следната кокретна цел: Подобрување на капацитетите на правосудните институции за спроведување на правдата на транспарентен и одговорен начин.
Еден од очекуваните резултати во Компонентата 1 на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“ е 1.1 Овозможување на стратешка советодавна поддршка на чинителите во правосудниот систем.

Долгорочниот советник ќе обезбеди директна секојдневна поддршка за јавните обвинителства.

**УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ**
Главна област на неговата/нејзината работа ќе биде зајакнување на институционалните капацитети на ЈО во однос на планот за работа, опфаќајќи ја Активноста 1.1.1. Општа проценка и Активноста 1.2.2 Поддршка за зајакнување на капацитетите на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за подобра



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

внатрешна организација/управување и за подобрување на комуникацијата и поддршката за ЈО во земјата.

Врз основа на советите и поддршката од Лидерот на Компонента 1 и експертите, советникот ќе ги покрие аспектите за ЈО во однос на следните активности во Компонентата 1 - Активност 1.1.2 Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за реформи во правосудниот сектор и процесот на реформи, Активност 1.1.3 Поддршка на управувањето со човечки ресурси на судството и јавното обвинителство, Активност 1.2.1 Анализа и подобрување на правосудниот синџир и процесот на извршување со цел да се зголеми ефикасноста, Активност 1.2.3 Промовирање на идејата за специјализација во ЈО и ИЦ да ги забрзаат истрагите и да користат специјализирани знаења на одржлив начин, Активност 1.2.5 Поддршка за градење на капацитетите на Советот на јавни обвинители и Судскиот совет, Активност 1.3.1 Поддршка за спроведување на Стратегијата за ИКТ, Активност 1.4.1. Поддршка на функционирањето на Академијата за судии и јавни обвинители, Активност 1.5.1. Поддршка на механизмот за координација во македонскиот правосуден сектор.

Советникот ќе соработува со сите ЈО и преку обука и менторство ќе обезбеди секојдневна поддршка на обвинителите, истражителите, стручните соработници и помошниот персонал по потреба.

Во однос на предвидените активности од Работниот план за Компонента 1, првиот приоритет е поддршка на процесот на генерална проценка на стандардите за работа на ЈО преку изработка на единствена методологија за оценување и следење на реформите, која ќе помогне при подготовката на новата Стратегија за реформа на правосудниот сектор за периодот 2023 – 2027 година.

Задачите на советникот ќе вклучуваат и давање поддршка за зајакнување на капацитетите на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за подобра внатрешна организација/управување и подобрување на комуникацијата и поддршката за ЈО во земјата.

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ**

Под контрола и водство на лидерот на компонентите и други среднорочни и краткорочни експерти:

- Обезбедување директна секојдневна поддршка на Јавното обвинителство (ЈО)
- Обуки и менторство преку обезбедување на секојдневна поддршка на обвинителите, истражителите, стручните соработници и помошниот персонал



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

- Изработка на извештаи/анализи во врска со ЈО
- Препораки и советодавна поддршка на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за подобра внатрешна организација и управување
- Анализа на постоечкиот модел и подобрување на комуникацијата во ЈО и помеѓу ЈО и судските институции за подобрување на ефикасноста во однос на внатрешната и меѓународната соработка
- Подготовка на материјали за експерти и координација на експертските мисии поврзани со ЈО
- Преглед на постоечката правна рамка во врска со ЈО и давање совети/поддршка на ЈО за изменување или изготвување нови внатрешни акти и правилници
- Изготвување материјали и совети за следење и поддршка на имплементацијата на стратегиите (Реформи/Човечки ресурси/ИКТ)

**БАРАЊА**

- Универзитетска диплома од областа на правото
- Правосуден испит
- Најмалку 8 години искуство во правосудните институции
- Докажано високо ниво на професионализам и способност за самостојно работење како и во сложена средина и со кратки рокови
- Одлично познавање на писмен и говорен англиски јазик
- Одлични интерперсонални и комуникациски вештини, вклучувајќи и искуство во вршење проценки за недостатоци, институционални проценки и градење капацитети

**ПРЕДНОСТИ:**

- Постдипломски студии од областа на кривичното право би се сметале за предност
- Искуство со работа во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија
- Значително искуство во градење капацитети во правосудните институции
- Претходно искуство со работа на ЕУ проекти

**ПРИЈАВУВАЊЕ ЗА ОГЛАСОТ**

Кандидатите кои се пријавуваат на огласот мора да испратат Europass формат на CV (кратка биографија) и мотивациско писмо на англиски јазик до mojca.kuzmicki@rol.mk и benedikt.welfens@rol.mk до 15.04.2022 година, со назнака „Долгорочен советник за поддршка на јавните обвинителства" - во насловот на пораката. Пријавените кандидати кои ќе се пријават по истекот на рокот или нема да ги пратат сите потребни документи, нема да бидат земени предвид. Само кандидатите селектирани во потесен круг ќе бидат повикани на интервју.



This project is funded by the European Union
AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development
Federal Ministry Republic of Austria Interior
REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration
LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights
EU with YOU

Избраниот експерт ќе потпише договор за услуги со проектот. Единствената негова/нејзина одговорност ќе биде да ги исполни сите законски барања на овој договор, како и да ги покрие сите поврзани даноци и давачки.

Експертот не смее да има склучено каков било договор со јавната администрација на Република Северна Македонија во последните 6 месеци пред неговиот ангажман.



This project is funded by the European Union

AEI.AT Agency for European Integration and Economic Development

Federal Ministry Republic of Austria Interior

REPUBLIC OF CROATIA Ministry of Justice and Public Administration

LUDWIG BOLTZMANN INSTITUTE Fundamental and Human Rights

EU with YOU